# ЗАПИСНИК

**од 35-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 21.10.2016 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски, претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи, заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Селвер Ајдини, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: Методија Јанчески и Лазар Трајчев (оправдано отсутни поради учество на 44-от состанок на EPRA).

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручна служба:** д-р Ирена Бојаџиевска, Горан Радуновиќ, Магдалена Давидовска Довлева, Маја Дамевска, Ивана Стојановска, Илија Витков.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 35-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 12.00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од 34-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 07.10.2016 година.
2. Предлог за покренување на постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување.
3. Информација во врска со распоредот на телевизиските програмски сервиси на трговските радиодифузни друштва во електронскиот водич за програма (EPG) за MUX6 и MUX7.
4. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата, го разгледа и едногласно, со 5 гласа „за", го усвои Записникот од 34-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 07.10.2016 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски, го образложи предлогот за покренување на постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД Телеканал А1 ДООЕЛ Струмица. Објасни дека на наведениот радиодифузер му е издадена фактура за годишниот надоместок, кој на 20.09.2016 година ја има примено. Но, во законски предвидениот рок од 30 дена, ТВ Телеканал А1, нема извршено целосна уплата и

согласно тоа, на Советот му се предлага да се покрене постапка за одземање на доделената дозвола.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-526 од 20.10.2016 година и едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Телеканал А1 ДООЕЛ Струмица, бр.08-1052 од 29.09.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5, а согласно со член 23 став 1 алинеја 3 и член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16 година), со оглед на фактот дека радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил во целост надоместокот за дозволата за телевизиско емитување во законски утврдениот рок, што е утврдено во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-5019/1 од 20.10.2016 година.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати во целост годишниот надоместок за дозволата, согласно Фактурата издадена од Агенцијата, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Телеканал А1 ДООЕЛ Струмица, бр.08-1052 од 29.09.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5, а согласно со член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 3**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права, м-р Магдалена Давидовска Довлева ја образложи Информацијата во врска со распоредот на телевизиските програмски сервиси на трговските радиодифузни друштва во електронскиот водич за програма (EPG) за MUX6 и MUX7. Објасни дека во членот 11 од „Планот за намена и распределба на капацитети на дигитален терестријален мултиплекс на оператор на јавна електронска комуникациска мрежа кој има обврска за емитување на програмските сервиси на радиодифузерите" бр.01-1268/1 од 17.02.2015 година, утврдено е дека распоредот на телевизиските програмски сервиси на трговските радиодифузни друштва во електронскиот водич за програма (EPG) за MUX6 и MUV7 го определува Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги еднаш годишно, според нивото на емитување (државно или регионално) и податоците за уделот во гледаноста. Во истиот член е утврдено дека: Први треба да бидат програмските сервиси на Македонската радио-телевизија (МРТ1, МРТ2 и Собранискиот канал). По нив треба да бидат сервисите на државно ниво,што се емитуваат преку преносен капацитет на дигитален терестријален мултиплекс, распоредени според официјалните податоци за гледаноста од претходната година. Распоредот на регионалните телевизии е утврден врз основа на податоците добиени од истражувањето „Податоци за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици што емитуваат програма на државно ниво преку сателит или јавна електронска комуникациска мрежа и на телевизиските станици што емитуваат програма на регионално и на локално ниво", што за потребите на Агенцијата го спроведува истражувачката агенција Маркет Вижн од Скопје.

Г-дин Фиданоски, рече дека се надева дека во текот на идната година, АГБ Нилсен, избраната истражувачка компанија за националните телевизии ќе покаже првични мерења за условно induced речено рејтингот на телевизиите. Верува дека системот на

Агенцијата кој е веќе инсталиран за регионалните и локалните радиодифузери ќе профункционира, така да за идната година според него ќе има пореални информации, поточни или попрецизни бројки, во однос на тоа како националните и регионалните телевизии, стојат во однос на довербата или симпатиите од публиката.

Советот на Агенцијата едногласно ја усвои Информацијата во врска со распоредот на телевизиските програмски сервиси на трговските радиодифузни друштва во електронскиот водич за програма (EPG) за MUX6 и MUV7, бр.03-5020/1 од 20.10.2016 година.

**Точка 4**
**Разно**

Подготвил: м-р Ружица Бошнакоска Јотевска
Контролирал: Маја Дамевска

Согласен: м-р Драгица Љубевска

Бр. 02-4996/4
28.10.2016 година
С к о п ј е

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**